**ПРЕДМЕТ:**
**Датум: 16/01/2023**

**ОТВОРЕН ПОВИК ЗА ПРИБИРАЊЕ ПОНУДИ ЗА НАБАВКА НА УСЛУГИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ОНЛАЈН КАМПАЊА**

## Предмет на повикот за набавка

Во рамките и за потребите на проектот „"Safejournalists.net" (2020-2023), финансиран од страна на Европската Унија предвидена изработка на онлајн кампања, за промоција мрежата и нејзините активности во РС. Македонија. За таа цел, Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) објавува отворен повик за прибирање понуди за набавка на следниве услуги:

- Изработка на 8 кратки видео продукти, во траење од 7 до 10 секунди, прилагодени за објава на социјалните медиуми (фејсбук, твитер, инстаграм и сл.)

Повикот е отворен за сите заинтересирани физички лица и правни субјекти кои вршат услуги поврзани со предметот на оваа набавка.

**Информации за повикот за набавка**
Постапка: Отворена повик
Тип на договор: Договор за набавка на услуги

**Начин на поднесување понуди**
Заинтересираните треба да ги достават своите понуди во електронска форма на следнава е-адреса contact@znm.org.mk, или во печатена форма на следнава адреса Градски ѕид, блок 13, 1000 Скопје, најдоцна до 25.01.2023 година

Техничките услови за повикот и прилозите кон понудата се достапни тука

Funded by
the European Union

Референтен број: - AJM – 003
Наслов на проектот: „Безбедни новинари“ (safejournalist.net)
Лот: 5.9.6 Кампања

# ПОВИК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПОНУДИ ИЗРАБОТКА НА ВИДЕО ПРОДУКТИ ЗА ОНЛАЈН КАМПЊА

Во рамките и за потребите на проектот „"Safejournalists.net" (2020-2023), финансиран од страна на Европската Унија предвидена изработка на онлајн кампања, за промоција мрежата и нејзините активности во изминатите седум години РС. Македонија и регионот.

Мотото на кампањата е „7 години СЈН од 77 години ЗНМ“

**Цел на повикот**

Цел на повикот за понуди е набавка на услуга за изработка на кратки видео продукти за онлајн кампања за промоција на мрежата safejournalist.net  и нејзините клучни постигнувања: континуитет, новитети, бројност, гласност, застапување, единственост, продолжување.

Понудата треба да вклучува:

- Изработка на 8 кратки видео продукти, во траење од 7 до 10 секунди, прилагодени за објава на социјалните медиуми (фејсбук, твитер, инстаграм и сл.)

Видео продуктите ќе бидат промовирани преку официјалните интернет канали за комуникација на ЗНМ и мрежата на safejournalist.net.

**Кој може да аплицира на повикот?**

Давател на услугата што е предмет на оваа набавка може да биде **физичко лице**, **правно лице** или **конзорциум** на правни лица

**Потребни квалификации**

Успешните кандидати треба да имаат:

- Претходно искуство за изработка на видео продукти за онлајн кампања,
- Високо ниво на професионалност и почитување на добри деловни практики и испорака во ситуации на притисок за кратки рокови.

**Потребна документација**

Понудата треба да ги содржи следниве прилози:
- Финансиска понуда
- Изјава
- Тековна состојба од Централниот регистар на Македонија (за правни лица)
- Кратко резиме (не повеќе за 10 зборови) за предлог-сценарија за онлајн кампањата.

**Информации за повикот за набавка**
- Постапка: Отворена повик
- Тип на договор: Договор за набавка на услуги

**Начин на поднесување понуди**
Заинтересираните треба да ги достават своите понуди во електронска форма на следнава е-адреса contact@znm.org.mk, или во печатена форма на следнава адреса Градски ѕид, блок 13, 1000 Скопје, најдоцна до 25.01.2023 година

Funded by the European Union

# АНЕКС 2: ФИНАНСИСКА ПОНУДА

Референтен број: - AJM – 003
Наслов на проектот: „Безбедни новинари“ (safejournalist.net)
Лот: 5.9.6 Кампања

**Вкупна вредност:** [EUR]

**Опција:** [Опција 1 или Опција 2]

[Опција 1: Горе наведената сума е расчленета според испораките предвидени во условите за набавка]

[Опција 2: Горенаведената сума не смее да се расчленува понатаму]

**Забелешка:**
* Наведете ја цената по единица без ДДВ доколку понудувачот е во системот за ДДВ
**Доколку понудувачот е физичко лице, да се наведе бруто цена.

Име на понудувачот:

Потпис:

Датум:

Funded by
the European Union

# АНЕКС 3:

Референтен број: - AJM – 003

Наслов на проектот: „Безбедни новинари“ (safejournalist.net)

Лот: 5.9.6 Кампања

**ИЗЈАВА**

Јас, <*име и презиме на понудувачот / овластено лице на правното лице* >, потврдувам дека нема основа за исклучување од учество во набавката согласно одредбите од **2.4 Основи за исклучување од учество во набавката**.

Кандидатите или понудувачите ќе бидат исклучени од учество во постапката за набавка ако:

*(1) биле во стечај или ликвидирани, склучиле договор со доверители на суд, суспендирале деловни активности или се во судска постапка по овие основи или се во слична ситуација како резултат на слична постапка предвидена со националните закони или прописи;*

*(2) лица кои имаат овластување да ги застапуваат, донесуваат одлуки или контрола над нив, биле осудени за прекршок поврзан со нивните деловни активности со правосилна пресуда на надлежен орган;*

*(3) се виновни за сериозно професионално однесување докажано со какви било средства што корисникот може да ги идентификува;*

*(4) не ги исполниле своите обврски во врска со плаќањето придонеси за социјално осигурување или плаќањето даноци во согласност со законските прописи на РСМ;*

*(5) не работат во согласност со нивните обврски во врска со плаќањето придонеси за социјално осигурување или плаќањето даноци во согласност со законските прописи на земјата во која се основани или со оние во земјата на договорниот орган или оние во земјата каде што договорот ќе се спроведува.*

*(6) или лица кои имаат овластување да ги застапуваат, одлучуваат или контролираат се предмет на конечна пресуда за измама, корупција, вмешаност во криминална организација, перење пари или какво било друго незаконско работење, кога таквото незаконско работење е штетно за финансиските интереси на ЕУ;*

*(7) во моментов се предмет на административна казна од член 2.3.4. Според Практичниот водич за постапките за договор за надворешни активности на Европската унија, кандидатот или понудувачот мора да потврдат дека не се во една од горенаведените ситуации.*

*Точките од (1) до (4) не се однесуваат на набавка под исклучително поволни услови или од понудувач кој е во процес на завршување на својата деловна активност или е предмет или управник за ликвидација, преку договор со доверители, или преку слична постапка според националното законодавство.*

Со потпишување на оваа изјава, потврдувам дека < *име и презиме на понудувачот на понудувачот/ правно лице*> не сум/ не е во ниту една од горенаведените ситуации.

Име:

Потпис:

Датум:

Funded by
the European Union

Здружение на новинарите на Македонија

safejournalists.net

# АНЕКС 4:

# ТАБЕЛА ЗА ОЦЕНКА НА ПОНУДА ЗА НАБАВКА НА БАЗА НА ГЛОБАЛНА ЦЕНА

Референтен број: ИПА/2019/414-122 - AJM

Наслов на проектот: „Безбедни новинари“ (safejournalist.net)

Лот: 5.9.6 Кампања

**Оценување на техничкиот капацитет:**

| **Проценка на технички капацитет (Вкупно поени):** | **/ 100** |
|---|---|
| **Компетентност** | **/50** |
| Претходно искуство на понудувачот | /50 |
| **Претходно искуство** | **/50** |
| Високо ниво на професионалност и почитување на добри деловни практики | /50 |

Максималниот број поени што може да се добие при проценка на техничките капацитети е 100. Минималниот број на поени што понудувачот треба да ги постигне при проценка на техничките капацитети со цел понудата дополнително да се разгледа е 80.

На понудата со најголем број поени се доделува максималниот бројот на бодови, односно 80.

Другите понуди добиваат број на поени за успешност, пресметани според следнава формула:

- Технички резултат = (вкупен број на поени постигнати при проценка на предметната техничка понуда) / (вкупен број на бодови постигнати при проценка на најдобрата техничка понуда) x 80.

**Оценување на финансиската понуда:**

| **Оценка на финансиска понуда (Вкупно поени):** | **/ 20** |
|---|---|
| Цена | /15 |
| Рок на испорака | /5 |

Понудата со најниска цена добива најголем број на бодови, односно 20.

Другите понуди добиваат број на бодови за успешност според следнава формула:

- Финансиски резултат = (најниска цена / цена на понуда што се разгледува) x 20

**Критериум за доделување на договор:**

Критериум за доделување на договорот е најдобрата вредност за парите. Најдобрата вредност за парите се одредува со проценка на техничките капацитети и цената, во соодност 80 /20 (бодови).

Со собирање на бодовите за техничките капацитети и за финансиската понуда, се добива вкупниот број на освоени поени според кои се рангираат понудите.

Funded by the European Union